


Пречекувајќи ја Новата Година задоволно ги пребројуваме успешно завршените активности кои на почетокот од оваа тековна година ги поставивме како цел. Учевме од предизвиците кои не пресретнуваа, ги прифаќавме добронамерните укажувања, се прилагодувавме на новата реалност и живеењето и работењето во оваа долготрајна состојба на пандемија, но се трудевме да ги препознаеме и позитивните аспекти на новонастанатите околности и истите да ги практикуваме во нашето делување.

Особено сме задоволни што во рамки на проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка" - ТИМОР успеавме да преселиме 10 лица со попреченост во целосно реконструирани и опремени станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, во општина Демир Капија и Неготино. Вработивме 15 асистенти за живеење со поддршка, поддржавме граѓанска организација - приватен давател на социјална услуга за живеење со поддршка.

Успешно го поддржувавме бизнис секторот во подготовката на нивните апликации во Фондот за иновации и технолошки развој.

Соработувавме и со националните институции – за потребите на Министерството за образование и наука (МОН) изработивме енергетски прегледи на 16 училишта во земјата со цел учениците во основните училишта во 16 општини да добијат комфорни услови за работа, а МОН и општините – финансиски заштеди.

Развивавме проекти за да помогнеме во справувањето на предизвиците на различни целни групи кои се во фокусот на нашето делување и да создадеме подобри услови на живеење и работење во руралните и урбаните средини во

Можеме задоволно да заклучиме дека напорната работа даде успешен резултат. На прагот на Новата година започнуваме 2 нови проекти во областа на социјалното претприемништво и во заштитата на животната средина и енергетиката.

Како извршен директор на ЗГ ЦеПроСАРД пред почетокот на новата 2022 година искрено му се заблагодарувам на тимот кој трпеливо и вредно ги реализираше бројните работни обврски во текот на целата измината година. Исто така сакам да се заблагодарам и на сите соработници кои не поддржуваа, критикуваа и советуваа. Особено сме горди што оваа година особено помагавме на најзагрозените и ранливи групи во нашата заедница.

Во името на сите вработени во тимот на ЗГ ЦеПроСАРД ви посакувам СРЕЌНА НОВА 2022 И СРЕЌНИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ!



Во последните три месеци, проектниот тим на „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР“, неуморно работеше на предвидените активности во активна соработка со ангажираната организација Македонско Монтесори Здружение, која континуирано работи на подготовката на лицата со попреченост за преселба во станбени единици за живеење со поддршка, како и подготовка на 50 персанолни планови на корисниците.

Проектот има за цел да формира вкупно 10 станбени единици за живеење со поддршка на територија на целата држава, од кои **2 станбени единици се веќе во функција**, лоцирани во Демир Капија и Неготино и се нов дом за 10 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија. Истовремено во тек е отворање на првата станбена единица во Велес.

Беа реализирани неколку посети на станбените единици кои веќе се во функција и каде е воочливо значителното позитивнио влијание врз емоционалната состојба на корисниците и нивната социјална инклузија во заедницата по преселувањето од Специјалниот Завод Демир Капија.

Во текот на месец ноември се одржа 3-тиот состанок на Насочувачки комитет на проектот, каде покрај претставниците од конзорциумот на проектот, активно учество зедоа и претставници од Делегацијата на Европската Унија, Министерството за труд и социјална политика, Македонско Монтесори Здружение, Здружението за лица со церебрална парализа и други попречености - Велес, претставник од Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет во Скопје и Центарот за образование на возрасни – ЦОВ. На состанокот беа презентирани веќе имплементираните активности во последните 6 месеци, со акцент на изборот на терен на нови станбени единици за живеење со поддршка, соработката со Специјалниот завод Демир Капија во подготовката на корисниците за процесот на деинституционализација, како и изборот на стручен кадар кој ќе биде ангажиран во малите групни домови.










*Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.*

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Специјален Завод “Демир Капија“;
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска
- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

---

**Проект *„Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе”***

На 01 декември 2021 година ЦеПроСАРД започна со имплементација на проект насловен *„Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – ‘Не оставај никој зад себе’”.*

Главната цел на проектот е поддршка на развојот на нови и веќе постоечки социјални претпријатија и поттикнување на нивната економска независност преку следење на принципот - Не оставај никој зад

Пред самиот почеток на имплементација на проектот во ноември 2021 година присуствувавме на првиот *Национален саем за социјални претпријатија* во Центарот за поддршка на социјални претпријатија во Скопје, каде нашите претставници земаа учество во панел дискусијата за претставување и промоција на проектот.

Во првата половина на месец декември, проектниот тим започна соработка со дел од

стабилен економски развој и да се подобри квалитетот на социјалните услуги и производи. Исто така проектот ќе поддржи вработување на ранливите категории на граѓани преку креирање нови и стабилни работни места. Проектните активности се насочени кон подигнување на јавната свест за придобивките од развојот на социјалните претпријатија и вклучувањето на ранливите категории граѓани во заедницата изнаоѓајќи можности за нивна одржливост.

средби за промоција и презентација на проектните активности со дел од општините на град Скопје и Агенцијата за поддршка на претприемништво на РСМ.

Проектот е финансиран од Европската Унија во времетраење од 18 месеци.





---

### Проект *„Зелена Топлина“ (Green Heat) во партнерство со Општина Радовиш, финансиран од ЕУ*

На крајот на оваа година, во партнерство со општина Радовиш, започнуваме нов проект: „Зелена топлина - воведување на ефикасна услуга за централно греење, ориентирана кон корисниците, базирана на обновливи извори на енергија“.

Воспоставувањето на ваков систем за централно греење во општина Радовиш согласно целта на проектот ќе овозможи напредна, **еколошка услуга за греење на јавни згради** што придонесува за подобрување на условите за живеење на локалното население. Ова ќе биде прв систем од ваков вид во земјата и ќе биде проследен со истражувачки активности и обуки кои ќе им помогнат на локалните власти да се справат со

детска градинка, едно основно училиште, едно средно училиште и спортска сала и ќе се базира на локално најдостапните обновливи извори на енергија - сончевата енергија и биомасата.

Проектот предвидува формирање на локална група на клучни чинители која ќе учествува во процесите на донесување одлуки поврзани со воведување на новата услуга како клучен чекор за промовирање на учеството на јавноста во донесувањето одлуки воопшто.

Покрај двата проектни партнери - Општина Радовиш и ЦеПроСАРД, проектот вклучува и два придружни партнери: *јавното претпријатие Плаваја од Радовиш* - како субјект кој ќе го преземе управувањето со услугата по завршувањето на работите; и *градот Белишче (Хрватска)* кои ќе го пренесат своето знаење и искуството од функционирањето на сличен систем за греење воспоставен во нивната заедница.

Проектот е финансиран од програмата IPA "EU for Municipalities" која има за цел пилотирање на иновативни решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги копираат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.

---

## ЦеПроСАРД потпиша рамковен договор за партерство во областа заштита на животната средина и климатските промени со ЕУ

Европската комисија ја избра нашата организација како партнер од граѓанското општество во Република Северна Македонија, со која има заеднички генерални цели, со цел да се воспостави долгорочна соработка за влијание и насочување на реформите во јавниот сектор во приоритетната област „Заштита на животната средина и климатски промени“ преку програми засновани на докази, анализи, мониторинг и иницијативи за застапување. Двете страни потпишаа рамковен договор со цел да се придонесе кон целите на политиката на Унијата во оваа приоритетна област.

ЕУ ги поддржува ГО во регионот во зајакнувањето на демократијата, подобрување на системите за одговорност со цел подобрување на политиките и економски и социјален развој. Го поддржува зајакнувањето на граѓанското општество во исполнување на следните клучни улоги: создавање посилни врски со граѓаните преку вклучување во процесите за јавни политики, да допрат до општеството како целина вклучувајќи ги маргинализираните групи и „грас-рут“ заедниците и граѓанскиот активизам во сите области; да станат професионални и доверливи партнери во процесот на креирање политики и реформи преку застапување

општествени промени, за зајакнување на економскиот развој и создавање подобри врски со деловната заедница преку промовирање на претприемништвото, социјалните иновации и создавањето работни места.

---

**Соработка со Министерството за образование и наука на РСМ за подобрување на енергетската ефикасност во 16 училишта на територија на државата**

Експертскиот тим на ЗГ ЦеПроСАРД кој работи во полето на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија на барање на Министерството за образование и наука, во соработка со проектантската организација МБМ Архитекти, Скопје изработи *извештаи за енергетска контрола на 16 училишта* со вкупна површина од 45.617м$^2$. Училиштата припаѓаат на различни климатски зони и лоцирани се на следните локации:

- Градовите: Битола, Куманово и Дебар;
- Општините: Чаир и  Сарај,
- Населените места: Пештани - Општина.Охрид, Табановце – Општина Куманово, Вруток - Општина Гостивар, Јосифово – Општина Валандово, Форино – Општина Гостивар, Чегране – Општина Гостивар, Могорче – Општина Дебар.

Целта на изработката на овие енергетски контроли е да се укаже на постоечката загуба на енергија и преку предложени мерки за соодветна реконструкција - да се подобри нивната енергетска ефикасност и да се зголеми комфорот за корисниците со минимална потрошувачка на енергија.





---

**развој за производниот погон на ГОБЕКС ПЛУС Скопје**

Меѓу основните и најважните елементи за креирање на одржливи развојни политики и зачувување на здрава животна средина е решавањето на постоечкиот проблем со загадувањето на сите медиуми, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на сегашните и идните генерации. Зголемувањето на уделот на производство на органски производи кое користи одржливи, органски методи на производство не е избор, туку станува неопходност. Не може да се продолжи со производство на храна во иднина, без при тоа да се стави главен акцент на грижа за човековото здравје, почвата, водата и биодиверзитетот, соодветно и производството на органски производи.

Според ова, а во согласност со насоките и барањата на Фондот за иновации и технолошки развој во рамки на повикот за *„Ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации“*, тимот на ЦеПроСАРД изминатиот период изработи проектна апликација за компанијата ГОБЕКС ПЛУС од Скопје, која сака да воведе иновативна рецептура за производство на органски сокови произведени преку иновативен, стандардизиран, еколошки процес на производство. Преку развивање на ова производство се искористува бизнис можноста која е идентификувана за пласман на производот.

*Copyright © 2021 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.